**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 4401-17/3

# З А П И С Н И К
од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 јануари 2020 година

Скопје, јануари 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 јануари 2020 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, како и Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Арафат Муареми, директор на финансиска полиција.

Од седницата отсуствуваа, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за

финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 166-та седница на Владата, одржана на 19 ноември 2019 година

- Усвојување на Записникот од 168-та седница на Владата, одржана на 3 декември 2019 година

- Усвојување на Записникот од 172-та седница на Владата, одржана на 24 декември 2019 година

- Усвојување на Записникот од 1-та седница на Владата, одржана на 4 јануари 2020 година

- Усвојување на Записникот од 2-та седница на Владата, одржана на 8 јануари 2020 година

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Информација со предлог за донесување на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје, со Предлог-одлука

2. Предлог - уредба за Заедничкиот поимник за јавни набавки (*)

3. Прелог-одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи

4. Информација со Предлог-одлука за давање во закуп објекти од траен карактер на граничните премини за патен сообраќај

5. Информација со Предлог-одлука за давање во закуп објекти од времен карактер на граничните премини за патен сообраќај

6. Прелог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Кисела Вода

7. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на централна пречистителна станица за Град Скопје во Трубарево”

8. Информација за реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година со најнов текст на Акцискиот план за реализација на Проектот за користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година

9. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, по скратена постапка

10. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини

11. Предлог - програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година

12. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Штубељ“, Општина Струмица, со предлог – одлуки

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Сахара, Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

14. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Бистра, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

15. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Спорт, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

16. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Лоџ, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

17. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Кристал Палас, Прилеп, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

18. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Сити Центар, Прилеп, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Информација за спроведената постапка по објавениот јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со предлог – одлуки

20. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДПКТ Врв-Златен лист-Агрохемикал ДООЕЛ ул. Киро Крстев бр.55 Неготино, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, со предлог-одлуки

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на соларна централа КО Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од маала „Рупје" до маала „Баратлици" и крак до школо-граничен премин с.
оГолема Црцорија – Голеш КО Голема Црцорија, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, Општина Студеничани, со Прелог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Биљановце-вон г.р., Општина Куманово, со Прелог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Тетово-вон град, Општина Тетово, со Предлог одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пречистителна станица за вода за пиење и доводен цевковод КО Козјак, Општина Карбинци, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука

32. Информација во врска со постапката за номинирање на локалитетот Длабока Река на Прелиминарната листа на УНЕСКО

33. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2020 година

34. Прелог-одлука за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството

35. Предлог-одлука за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија

36. Прелог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во катастарската општина Конче, Општина Конче

37. Прелог-одлука за еднострал раскин на договорот за концесија на риби за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро"

38. Прелог-одлука за еднострал раскин на договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро"

39. Прелог-одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

40. Прелог-одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите

41. Информација за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на Интер – ресорската работна група за подготвување на национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца)

42. Предлог - закон за остварување на јавниот интерес во културата

43. Предлог - закон за установите за средно образование на верските заедници

44. Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) за период февруари - октомври 2019 година

45. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија Скопје

46. Прелог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св.

Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година

**в) политички систем**

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

47. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје

48. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ДСУ за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски“ Скопје

49. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип

50. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје

51. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

52. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен ученички дом „Крсте П. Мисирков“ Кавадарци

53. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

54. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид

55. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово

56. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

57. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

58. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод

59. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка

60. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (1-15331/1)

61. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (19-15337/1)

62. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

64. Прелог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (45-9995/1)

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Струга

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) предлози по кои Владата дава мислење

#### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

67. Предлог - закон за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование, поднесен од пратеникот Енес Ибрахим

68. Барање за давање на автентично толкување на член 149 (Злоупотреба на лични податоци) од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11-3, 51/11-79, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ

69. Барање за давање на автентично толкување на член 18 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/02, 60/06, 106/08, 135/11, 113/12 и 148/15), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ

70. Барање за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Македонија бр.150/07), поднесено од пратеникот Рубин Земон

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

71. Статут на „Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје“ и Одлуката за усвојување на Проектот за промена на името и статутот на Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија, ЕФТА Скопје

72. Иницијатива поднесена од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.156/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 ставови 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри

73. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.152/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 20-а став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), поднесена од Елсан Нурчески од с.Пласница

74. Иницијативи доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.147/2019 и У.бр. 155/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 ставови 3 и 5 и член 25 ставови 1, 2 и 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 21/2018), поднесени од Советот на Општина Пласница и од Елсан Нурчески од с. Пласница

75. Понуда од нотар Андријана Ѓорѓеска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 10009 за КО Маџари на КП бр. 87 дел 1 викано место/улица Б. Стефковски

76. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67014 за КО Маџари на КП 1363 викано место/улица Вера Радосављевиќ

**б) други предлози**

77. Кадровски прашања

78. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

79. Информација за Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година

80. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.7.2019 година до 30.9.2019 година

81. Акциски план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор по извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Центар за јавно здравје Тетово за 2018 година

82. Информација за примена на Законот за медијација

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

83. Прелог-одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" – Скопје

84. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГМ Лајт медикал ДОО увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Прелог-одлука

85. Предлог – програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

86. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

87. Предлог - одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2020 година

88. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

89. Предлог - одлука за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца – Детско одморалиште „Илинден" - Гостивар за 2020 година

90. Предлог - одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2020 година

91. Предлог - одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2020 година

92. Прелог-одлука за отповикување и завршување на мандатот на Јовица Палашевски, генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто

93. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година

94. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на 21 предмет против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права иницирани од страна на 63 апликанти со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 166-та, 168-та, 172-та, 1-та и 2-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 19 ноември, 3 декември и 24 декември 2019 година и 4 јануари и 8 јануари 2020 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. – Скопје, во предложениот текст.

<u>Точка 2</u>

Владата ја донесе Уредбата за Заедничкиот поимник за јавни набавки(*), во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Кисела Вода, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на централна пречистителна станица за Град Скопје во Трубарево" (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна до 1.4.2020 година, да го реши проблемот со концесиите, издадени на парцелите на кои согласно ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 година е предвидена изградбата на пречистителна станица за отпадни води во Скопје.

2. Се задолжува Министерството за економија, во рок од седум дена да даде извештај за статусот на решавање на концесиите, како и да доставува месечен извештај до Владата и Градот Скопје за истото.

3. Се препорачува на Општина Гази Баба, најдоцна до 1.2.2020 година да ги усвои деталните урбанистички планови за СИ11 и СИ12, за да се отпочне постапката за решавање на имотно-правните односи од страна на Град Скопје и во рок од седум дена да достави месечен извештај до Владата и Градот Скопје за истото.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година со најнов текст на Акцискиот план за реализација на Проектот за користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Го прифати најновиот текст на Акцискиот план за реализација на Проектот за користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година.

2.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди податоци за сите подносители на барања за користење на услугата бањско климатска рекреација, корисници на пензија кои се корисници на помош и нега од друго лице, додаток за слепило и мобилност, за реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година и истите да ги достави до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од четири дена од приемот на барањето.

## Точка 9

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Арафат Муареми, директор на Управата за финансиска полиција.

## Точка 10

Владата го одложи од разгледување Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини за наредната седница на Владата поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Министерството за финансии (посебно во делот што се однесува на паричниот надоместок на претседателот, заменик претседателот, членовите и замениците на членовите на комисиите за спроведувањето на јавен повик за доделување на концесии за проспекциски или детални геолошки истражувања или за експлоатација на минерални суровини) и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 11

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Штубељ", Општина Струмица, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и негативното Мислење на Министерството за финансии -дека Друштвото за градежништво и инженеринг Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица има неплатени јавни давачки кои ги управува Управата

за јавни приходи ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Сахара, Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сахара, Охрид, со седиште на ул. „Сатеска“ бр. 77, Охрид - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Бистра, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Бистра, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со седиште во с. Маврово – Маврово и Ростуша - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Спорт, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Спорт, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со седиште во с. Маврово – Маврово и Ростуша - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Лоџ, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Лоџ, с. Маврово – Маврово и Ростуша, со седиште во с. Маврово – Маврово и Ростуша - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Кристал Палас, Прилеп, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Кристал Палас, Прилеп, со седиште на ул. „Ленин“ бр. 184, Прилеп - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Сити Центар, Прилеп, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сити Центар, Прилеп, со седиште на Бул. „Гоце Делчев“ бр. 15, Прилеп - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 19

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за спроведената постапка по објавениот јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со предлог – одлуки, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДПКТ Врв-Златен лист-Агрохемикал ДООЕЛ ул. Киро Крстев бр.55 Неготино, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, со предлог-одлуки, го усвои и ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, во предложениот текст и

2. Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово, во предложениот текст.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на соларна централа КО Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на соларна централа КО Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од маала „Рупје" до маала „Баратлици" и крак до школо-граничен премин с.Голема Црцорија – Голеш КО Голема Црцорија, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од маала „Рупје" до маала „Баратлици" и крак до школо-граничен премин с.Голема Црцорија – Голеш, КО Голема Црцорија, Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**<u>Точка 26</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, Општина Студеничани, со Прелог-одлука, за наредната седница на Владата, откако

претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање по предметниот материјал до Владата да достави мислење во однос на заштита на животната средина.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Биљановце-вон г.р., Општина Куманово, со Прелог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Биљановце - вон г.р., Општина Куманово, во предложениот текст.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Тетово-вон град, Општина Тетово, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласноста за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Тетово-вон град, Општина Тетово, во предложениот текст.

Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пречистителна станица за вода за пиење и доводен цевковод КО Козјак, Општина Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пречистителна станица

за вода за пиење и доводен цевковод КО Козјак, Општина Карбинци (најнов текст), во предложениот текст.

Точка 31

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да го разгледа предметниот материјал во однос на заштита на зелената површина, односно дали со предметното земјиште е опфатена тревна или зелена површина.

Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапката за номинирање на локалитетот Длабока Река на Прелиминарната листа на УНЕСКО и го усвои со следниот заклучок:

- се овластува амбасадорот Јадранка Чаушевска Димов да го потпише номинациското досие за локалитетот Длабока Река на Прелиминарната листа на УНЕСКО и најдоцна до 31 јануари 2020 година да го достави до Центарот за светско наследство на УНЕСКО во Париз.

Точка 33

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2020 година.

Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството, во предложениот текст.

Точка 35

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Точка 36

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во катастарската општина Конче, Општина Конче, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Прелог-одлуката за едностран раскин на договорот за концесија на риби за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Министерството за економија.

## Точка 38

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Прелог-одлуката со Министерството за економија.

## Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата ја донесе Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – решението за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на Интер – ресорската работна група за подготвување на национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), поради потребата Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Центарот за јавно здравје, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Комисијата за

односи со верските заедници и религиозните групи, Агенцијата за млади и спорт, Националниот координативен центар за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Прифатниот центар за баратели на азил и Црвениот крст на Република Северна Македонија во координација со Националниот координатор за СНЕ/БПТ, да номинираат еден член и еден заменик член на интер - ресорска работна група за подготвување на национална програма/ план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца).

## Точка 42

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за остварување на јавниот интерес во културата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

## Точка 43

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - законот за установите за средно образование на верските заедници, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата текстот на Предлог – законот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Предлог - законот за установите за средно образование на верските заедници да се разгледа заедно со Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) за период февруари - октомври 2019 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука и Министерството за економија во рамки на своите буџети да предвидат финансиски средства за реализација на активностите во процесот на подготовка на Стратегијата за паметна специјализација.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година, 2021 година и 2022 година на Министерството за здравство, за набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија Скопје во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 25.000.000,00 денари во 2020 година;
- 25.000.000,00 денари во 2021 година и
- 10.000.000,00 денари во 2022 година.

2.Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ДСУ за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип, во предложениот текст.

Точка 50

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски" Скопје, во предложениот текст.

Точка 51

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен ученички дом „Мирка Гинова" Битола, во предложениот текст.

Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен ученички дом „Крсте П. Мисирков" Кавадарци, во предложениот текст.

Точка 53

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

Точка 54

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид, во предложениот текст.

Точка 55

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово, во предложениот текст.

Точка 56

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

Точка 57

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, во предложениот текст.

Точка 58

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (за потребите на ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (за потребите на Јавната установа ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Струга, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - законот за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование, поднесен од пратеникот Енес Ибрахим, поради потребата Министерството за образование и наука да го усогласи мислењето по Предлог-законот со предлагачот на истиот, согласно расправата на седницата.

Оваа точка претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 149 (Злоупотреба на лични податоци) од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11-3, 51/11-79, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ и притоа го утврди следново милење:

Во современите услови на живеење, особено со воведувањето и користењето на електронските информативни системи, мрежното поврзување на различни бази на податоци, приватноста, сигурноста и тајноста на личните податоци на граѓаните и покрај тоа што се уставно гарантирани како постулати на човековата слобода, можат да бидат повредени, а со тоа да бидат доведени во прашање нивната чест и углед. Со оглед на тоа, со одредбата од Кривичниот законик се пропишува дејствието на злоупотреба на лични податоци, како преку прибирање, обработка и користење, така и со навлегување на компјутерски информатички систем.

Објект на заштита на ова дело е сигурноста и тајноста на личните податоци, загарантирани со член 18 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, согласно Уставот, на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Законот за заштита на личните податоци, како lex specialis, ја уредува заштитата на личните податоци, како основни слободи и права на физичките лица, а особено правата на приватност во врска со нивната обработка. Воедно, законот дефинира дека под „личен податок" се подразбира секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

Дејствието на извршување на делото од ставот 1 е пропишано преку три алтернативни облици и тоа: прибирање, обработка или користење на лични податоци. При тоа, потребно е секој од тие облици да се врши спротивно на условите утврдени со закон и без согласност на граѓанинот.

Законот за заштита на личните податоци во членот 2 ставот 2 предвидува дека под обработка на личните податоци се подразбира секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување.

Користењето на податоците, како и прибирањето и обработката, на секој од овие облици на дејствието на извршување, за да постои кривичното дело треба да се остварува спротивно на условите утврдени со закон, а вториот услов е без согласност на граѓанинот.

Во членот 2 ставот 9 од истиот закон е предвидено дека согласност на субјектот на лични податоци претставува слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели. Меѓутоа, не секогаш, несогласноста на граѓанинот е релевантна за постење на делото.

Постојат и случаи, определени со закон, во кои е можно прибирање, обработка и користење на податоци и без негова согласност, дури и спротивно на неговата волја (за осомничениот, односно обвинетиот во казнената постапка, под услови утврдени со ЗКП).

Во однос на наводите во барањето кои се однесуваат на тоа дека постојат нејасни толкувања во пракса за одредбата дека под ова кривично дело се изедначува обработката на личните податоци спротивна на исклучоците предвидени во член 8 став 2 од Законот за заштита на личните податоци, со што во пракса може да дојде до изедначување на прекршокот со кривичното дело, потсетуваме на еден од основните принципи во кривичното право „non bis in idem“.

Имено, забраната за повторно судење е уставно загарантирано право во Уставот на Република Северна Македонија. Членот 14 предвидува дека никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна. Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука. Ваквото уставно загарантирано начело понатаму е преточено и во Законот за кривична постапка во членот 7, кој предвидува дека никој не може да биде суден или казнет за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.

Законот за прекршоците прекршокот го дефинира како противправно дејствие што со закон е предвидено како прекршок и чии обележја се определени со закон, односно, претставува поблаг вид на казнено дело, чии обележја не може да бидат исти со обележјата на веќе предвидено кривично дело. Доколку за одредено дејствие е пропишано прекршок, во тој случај лицето не може да одговара за кривично дело.

Во однос на ставот 2 од овој член, објект на дејствието е компјутерски информатички систем на лични податоци, при што може да се работи за јавен или приватен информатички систем (пример системот на некоја приватна компанија).

Дејствие на извршување е навлегувањето, пробивањето во системот, непосредно, со личен пристап (на пример, со отворање на податоците преку еден од неговите терминали) или преку информатичката мрежа (со претходно декодирање, откривање на шифрата за пристап и сл.). Делото е довршено со самото навлегување; не е потребно сторителот да започнал да ги користи податоците до кои се пробил.

Субјективен елемент на противправноста е намерата за користење на податоците, за нивна употреба со која сторителот за себе или за друг може да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета.

Ставот 3 се однесува ако делото го стори службено лице, што дава потежок вид на основното дело. Службеното лице дејствието треба да го преземе во кругот на неговото службено овластување или делокруг на службеното овластување на органот или институцијата што врши јавни овластувања.

Во однос на субјективната страна потребна е умисла и тоа за ставот 1 како директна така и евентуална, за ставот 2 директна умисла, а за ставот 3 умисла зависно од видот дали делото што го извршува службеното лице е од ставот 1 или од ставот 2.

Извршител на делото од ставовите 1 и 2 може да биде секое лице, а од ставот 3 службено лице.

Ставот 4 предвидува парична казна ако делото го стори правно лице.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од Кривичниот законик која се однесува на злоупотреба на личните податоци е јасна и недвосмислена, поради што нема потреба од давање автентично толкување по однос на истата.

## Точка 69

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 18 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/02, 60/06, 106/08, 135/11, 113/12 и 148/15), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ и притоа го утврди следново мислење:

Адвокатурата согласно членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Со Законот за адвокатурата се уредува обезбедување на правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварување и заштита на нивните права и врз закон засновани интереси, во постапките пред судовите, државните органи, другите правни лица, органите на единиците на локална самоуправа, вршењето на адвокатската дејност утврдени со Законот за адвокатурата и друг закон, организацијата на адвокатурата, условите за вршење, престанок и мирување на адвокатската дејност и првата и обврските на адвокатите, и осигурувањето на адвокатите од одговорност од штета.

Во глава II во поглавјето 1 од Законот се определени условите за вршење на адвокатската дејност, а во поглавјето 2 со одредбите од членот 15 до членот 22 се уредуваат правата и должностите на адвокатите. Покрај другото, во членот 18 законодавецот се осврнал и го уредил прашањето за потпис и печат на адвокатот. Согласно овој член, адвокатот става свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок составен во неговата канцеларија. Формата, големината и содржината на печатот на адвокатот се утврдуваат со Статутот на Адвокатската комора.

Согласно ставот (3) на овој член, адвокатот е должен да стави штембил на адвокати, односно штембил на адвокатско друштво, адвокатска маркичка издадена од надлежен државен орган предвидена со посебен закон и коморска маркичка утврдена со акт на Адвокатската комора и издадена од Адвокатската комора, на секој поднесок или исправа составена во адвокатската канцеларија. Исто така, при застапување пред суд и други органи адвокатот е должен на судот да му предаде соодветна адвокатска и коморска маркичка за тоа застапување.

Понатаму, прашањето за печатот и штембилот на адвокатот поединец и адвокатското друштво детално е уредено со Статутот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија. Во членовите 54 и 55 од Статутот подетално се опишува големината на печатот (40x20 милиметри) на адвокатот поединец и на адвокатското друштво, содржината на печатот на адвокатот како штембил (адвокат, име и презиме, седиште на канцеларијата на адвокатот и бројот на лиценцата), односно што содржи печатот на адвокатското друштво (назив на адвокатското друштво, седиштето, име и презиме и број на лиценца на адвокатот), како и големината и содржината на штембилот на адвокатското друштво (50x25 милиметри, назив на адвокатското друштво, седиштето, простор за деловоден број, ден месец и година, прием, испратено). Членот 55 од Статутот е идентичен со член 18 став (4) од Законот, кој определува дека адвокатот е должен на секој поднесок или исправа составена во адвокатска канцеларија да стави штембил на адвокати, односно штембил на адвокатско друштво.

Согласно наведеното, законодавецот во членот 18 од Законот за адвокатура и Адвокатската комора на Република Северна Македонија во членовите 54 и 55 од Статутот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија од нормативно-правен аспект доволно јасно и опширно ги опфатиле и регулирале прашањата за печатот и штембилот на адвокатите и адвокатските друштва и начинот на нивна употреба.

Барањето за автентично толкување се однесува на претпоставена примена на овие одредби во пракса. Во однос на примерите што ги наведува подносителот во корелација со користење на печат со различна содржина од предвидената со Законот и Статутот како: „лажно претставување, „Посебни случаи на фалсификување исправи" во контекст на институтот „кривична одговорност", согласно Кривичниот законик, се истакнува дека вакви основи и наводи цени овластениот надлежен државен орган, а тоа е јавното обвинителство. Исто така, органите на Адвокатската комора на Република Северна Македонија - дисциплински обвинител, дисциплински суд и жалбен совет постапуваат согласно Правилник за дисциплинска одговорност, донесен согласно Законот за адвокатура и Статутот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, и се надлежни за сторените дисциплински повреди да поведуваат и застапуваат дисциплинско обвинение против член на Комората, односно одлучуваат по барање на дисциплинско обвинение и

жалба против одлука на дисциплински суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, членот 18 од Законот за адвокатурата е јасен, не создава правна заблуда, ниту пак постои правна празнина и е дополнително прецизиран со одредбите од членовите 54 и 55 од Статутот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од давање на автентично толкување за членот 18 од Законот за адвокатура.

## Точка 70

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Македонија бр.150/07), поднесено од пратеникот Рубин Земон и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Преамбулата, Амандманите IV и XXXIV и Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија „Граѓаните на Република Северна Македонија, македонскиот народ, дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање самостојна и суверена држава Северна Македонија и одговорни пред идните генерации за зачувување и развој на се што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро - Република Северна Македонија во согласност со традицијата на Крушевската Република и правните одлуки кои се наведени во Прогласот од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ за одржаното заседание на АСНОМ и на Референдумот од 8 септември 1991 година на кои се изрази волјата за создавање на самостојна суверена држава и Охридскиот рамковен договор, ја конституираат Република Северна Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори го донесуваат овој Устав на Република Северна Македонија.“.
Со Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците се уредува основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците, начинот, условите, постапката за избор на член на Комитетот, надлежноста, начинот на работа, донесувањето на одлуки и други прашања. Комитетот го основа Собранието на Република Северна Македонија во рок од 60 дена од денот на конституирање на Собранието. Собранието ги избира и разрешува членовите на Комитетот на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и го сочинуваат 19 члена, од редот на пратениците избрани во Собранието. Во Комитетот седум члена се од редот на пратениците Македонци, седум члена од редот на пратениците Албанци, еден член од редот на пратениците Турци, еден член од редот на пратениците Власи, еден член од редот на пратениците Роми, еден член од редот на пратениците Срби и еден член од редот на пратениците Бошњаци. Согласно член 4 од Законот, ако некоја од наведените заедници, нема избрани пратеници во Собранието, Народниот правобранител ќе направи консултации со релевантните претставници на тие заедници и по добиеното мислење на Собранието ќе ги предложи другите членови на Комитетот од соодветната заедница.

Надлежноста на Комитетот е определена со членот 9 од Законот и се однесува на прашањата во врска со односите меѓу заедниците и особено:

- го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон,
- разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,
- укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,
- остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон,
- остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон,
- остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон и
- имплементацијата на принципот на соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа.

Со членот 11 од Законот подетално се уредуваат прашањата во врска со одлучувањето на Собранието за закони кога е потребно мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија:

„(1) Собранието одлучува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија кога се донесува или изменува или дополнува Законот за локалната самоуправа.

(2) Собранието одлучува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија кога се донесуваат или изменуваат или дополнуваат Законот за грбот на Република Македонија, Законот за знамето на Република Македонија и Законот за химната на Република Македонија.

(3) Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија само кога се донесуваат измени или дополнувања на постојните донесени закони и законите наведени во овој став и тоа за донесување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за комуналните такси, Законот за даноците на имот, Законот за вршење на занаетчиската дејност, Законот за определување на имиња на улици, плоштадите, мостовите и на други инфраструктурни објекти, Законот за Полициската академија, Законот за воената академија, Законот за правосудниот испит, Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, Законот за личната карта, Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Законот за матичната евиденција, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за објавување на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија", Законот за радиодифузната дејност, Законот за

државните награди, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование, Законот за ученичкиот стандард, Законот за основање Државен универзитет во Тетово, Законот за Бирото за развој на образованието, Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, Законот за просветна инспекција, Законот за културата, Законот за музеите, Законот за библиотеките, Законот за меморијалните споменици и спомен - обележја, Законот за заштита на културното наследство, Законот за празниците на Република Македонија, Законот за научно - истражувачката дејност, Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, Изборниот законик кој се однесува во делот на локалните избори, Законот за попис во земјоделството во Република Македонија, Законот за Градот Скопје, Законот за стручно образование и обука, Законот за филмскиот фонд на Република Македонија и Законот за народниот правобранител.

(4) За сите идни закони кои се однесуваат на употребата на јазиците, образованието, личните документи, културата и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот.“.

Владата на Република Северна Македонија, согласно наведеното, смета дека член 11 од Законот е јасен и нема потреба од давање на автентично толкување, со оглед дека во наведениот член се бара мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

## Точка 71

Владата го симна од Дневен ред Статутот на „Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје“ и Одлуката за усвојување на Проектот за промена на името и статутот на Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија, ЕФТА Скопје.

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.156/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 ставови 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и притоа го утврди следново мислење:

Со иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот за игрите на среќа и за забавните игри кој според него не бил во согласност со одредбите на член 8, став 1 алинеи 3 и 7 и со одредбите на член 50, 51 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со оспорените одредби се спречувал развојот на конкуренцијата помеѓу повеќе приредувачи на игри на среќа и оневозможување на развој на подобри услови при учество во игри на среќа, наведено во Иницијативата.

Според подносителот на иницијативата со оспорената одредба од Законот се воспоставувала нееднаква правна положба на субјектите на пазарот-приредувачи на игри на среќа и се нарушувала слободата на пазарот со нормирање на нееднакви услови на стопанисување на приредувачите на игрите на среќа, на начин што се монополизирале лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип за трговско друштво во сопственост на државата.

На тој начин се создавале два вида на трговски друштва за вршење на дејноста-приредување на игри на среќа и забавни игри и тоа трговско друштво во државна сопственост и трговски друштва за вршење на оваа дејност врз основа на добиени лиценци или дозволи. Со тоа се овозможило примат на државната сопственост во однос на другите видови на сопственост, а не се работело за добро од општ интерес во смисла на член 56 од Уставот на Република Северна Македонија.

Исто така, според подносителот, со оспорената одредба од Законот се нарушувала слободата на пазарот и се воспоставувала нееднаквост на субјектите на пазарот на начин што со Законот се пропишувале различни услови кои требало да ги исполни трговското друштво во државна сопственост од условите кои требало да ги исполнуваат останатите трговски друштва на кои им се издаваат лиценци или дозволи за приредување на игрите на среќа и забавните игри, со што вештачки било креирано отежнување за влез на пазарот на нови субјекти, односно на пазарниот натпревар, со што имало прекршување на член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, кој предвидува дека Републиката превзема мерки против монополската положба. Поради тоа, подносителот на иницијативата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое ќе поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба и потоа да донесе одлука со која членот 7, ставовите 2 и 3 да се прогласат за неуставни и да се стават вон сила.

Според член 8, став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Според член 7 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Северна Македонија, која тоа право може да го пренесе на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, преку издавање на лиценца, односно дозвола и тоа само за приредувањето на игрите на среќа утврдени со член 7 став 4 од овој закон. Правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа,

освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија не може да го пренесе на овој начин и овие игри на среќа Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

Законот единствено го врзува правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип за трговско друштво регистрирано согласно Законот за трговските друштва, без оглед на формата на друштвото, како и сите други трговски друштва во Република Северна Македонија кои имаат законска можност да се стекнат со правото на приредување на игри на среќа и на забавни игри, под услов во ова друштво Република Северна Македонија да е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главина на друштвото. Според тоа, неосновано е повикувањето на подносителот на иницијативата за спротивност на оваа одредба со уставната обврска на Републиката од член 55 од Уставот за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот со оглед на тоа што за останатите 49% од акциите или уделите во ова трговско друштво дадена е законска можност да бидат во сопственост на останати правни или физички лица. При тоа, законодавецот не извршил ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото, туку извршил соодветно подетално уредување на прашањата во врска со сопственичката структура на овие специфични трговски друштва.

Токму со Законот за игрите на среќа и за забавните игри, законодавецот користејќи го своето овластување ја утврдил сопственичката организација на трговското друштво за приредување на лотариски и електронски игри на среќа, земајќи ги во предвид наведената специфичност на оваа дејност и карактерот на соодветните игри на среќа.
Според тоа, законодавецот се определил правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип како лотариска игра на среќа, да го задржи за државата, која ова право ќе го врши преку основање на трговско друштво кое овие игри на среќа ќе ги приредува во име и за сметка на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа што правото на приредување на наведените игри на среќа од страна на Република Северна Македонија произлегува од самиот закон, од страна на законодавецот не е пропишана обврска за издавање на лиценца на трговското друштво основано во согласност со член 7, став 2 и 3 од Законот со оглед дека во овој случај не постои пренесување на правото на приредување на игрите на среќа, за што би се издавала соодветна лиценца или дозвола и за која би постоело обврска за плаќање на надоместок за нејзиното издавање.

Но, од друга страна, со законот се пропишани условите кои трговското друштво од член 7 став 2 од Законот задолжително треба да ги исполнува за да може во име и за сметка на Република Северна Македонија да ги приредува игрите на среќа.

Имено, со член 27 од законот е пропишан најнискиот износ на основната главнина на трговското друштво од член 7 став 2 од законот која според овој член изнесува 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

Исто така, со член 26 од законот се уредени условите кои друштвото од член 7 став 2 од Законот треба да ги исполнува, односно документите кои друштвото по неговиот упис во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по целосната уплата на основната главнина на друштвото задолжително треба да ги приложи до Министерството за финансии, кое врз основа на член 26 став 2 од Законот врши проверка на нивната комплетност и соодветност.

Определбата на законодавецот, користејќи го своето легитимно право, за задржување на правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа кај државата, освен томболата од затворен тип, односно нивно непренесување на останатите субјекти на пазарот произлегува од видот и карактерот на овие игри на среќа, начинот на нивното приредување, обемот и сложеноста на овие игри на среќа и особено на фактот на нивната широка рапространетост и достапност за субјектите како учесници во овие игри на среќа.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата во кои се наведува дека со ваквите законски одредби се пропишува нееднаквост помеѓу субјектите на пазарот, при што се отворало простор за влез на корупција, непотизам и злоупотреба на службената положба. Кривичниот законик предвидува одредби со кои ги решава проблемите со корупција, непотизам и злоупотреба на службената положба, поради што стравот за појава на вакви кривични дела е неоснован. Целта на приредувањето на игрите на среќа е обезбедување на законска рамка со која ќе се регулира заштитата, гаранцијата и сигурноста на учесниците во игрите на среќа и спречување на негативните влијанија кои може да се јават кај учесниците на игрите на среќа, при што Републиката ќе има контрола врз истото.

Приредувањето на игрите на среќа по својот карактер е мошне специфична дејност за што законодавецот пропишал строги услови чие исполнување е неопходно за да се започне со нејзино вршење, имајќи ја во предвид заштитата на учесниците во игрите на среќа и социјалната димензија на истите.

Првенствена цел на приредувањето на игрите на среќа од аспект на државата не е стекнување на приход, туку обезбедување на заштита, гаранција, сигурност и спречување на негативните влијанија кои игрите на среќа можат да ги имаат кај учесниците во игрите на среќа и нивните семејства.

Според тоа, неопходно е соодветно законско одредување на условите, начинот и обемот на приредувањето на игрите на среќа и особено создавање на соодветни механизми за заштита на учесниците во игрите на среќа.

Од тие причини, законодавецот се определил приредувањето на дел од игрите на среќа да го довери на државата, а за останатиот дел од игрите на среќа и за забавните игри пропишал механизам за лиценцирање на субјекти кои ќе ги исполнат пропишаните услови.

Овој начин на уредување на пазарот на игрите на среќа е широко распространет во земјите членки на Европската унија, другите европски земји и другите земји со функционална пазарна економија, без да се доведат во прашање слободниот пазар, слободата на претприемништвото, еднаквоста на субјектите на пазарот, правната заштита на сопственоста во нивните правни поредоци и либерално-демократскиот карактер на нивните највисоки правни акти.

Со оглед на горенаведеното, не може да се тврди дека со нападнатите одредби на член 7 од Законот е повредена правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

Со оглед на тоа што правото на приредување на игрите на среќа согласно член 7 став 1 од Законот од горенаведените причини е утврдено како право на Република Северна Македонија, таа ги приредува игрите на среќа за кои законодавецот со овој закон ја овластил.

Како што е погоре изнесено, Република Северна Македонија го задржува правото за приредување на игрите на среќа како ексклузивно право за себе со тоа што во Законот за игри на среќа и забавни игри се пропишани условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за да може одредена игра на среќа да им биде пренесена тие самостојно да ја приредуваат. Со оглед на фактот што приредувањето на лотариските и електронските игри на среќа не се пренесува на други правни субјекти, како модел на приредување на истите е избрано основање на трговско друштво кое е во доминантна сопственост на Република Северна Македонија. Монополската положба на која се повикува подносителот на иницијативата не може да се однесува на правата кои за себе ги има задржано Република Северна Македонија, а особено не во игрите на среќа. Не може да се зборува за монополска положба на правата за извршување на дејности на Република Северна Македонија, а кои се остваруваат преку Владата на Република Северна Македонија. Во законодавството на Република Северна Македонија постои соодветна регулатива врз основа на која може да се констатира дали во одредена дејност постои монополска положба, но сепак треба да се има во предвид дека монополската положба се утврдува за пазарните дејности т.е. дејностите кои се слободни на пазарот и за кои државата го нема задржано своето ексклузивно право за извршување.

Приредувањето на останатите игри на среќа може да се врши од страна на секој субјект кој ќе ги исполни законските услови и кој ќе поднесе соодветно барање до надлежен орган и за тоа ќе добие соодветна лиценца или дозвола, во зависност од видот на играта.

При тоа, треба да се има во предвид дека не е јасен петтитумот на подносителот на иницијативата со оглед дека бара членот 7 став 2 и став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да се прогласат за неуставни, особено имајќи го предвид членот 70 од Деловникот на работа на Уставниот суд, согласно кој Уставниот суд донесува одлука кога одлучува за суштината на работата и тоа: за поништување или укинување на закон и друг пропис, програма и статут на политичка партија или друг општ акт, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, за решавање на судир на надлежност, за одземање на имунитетот, за одговорноста и за утврдување на настапувањето на условите за престанок на функцијата на Претседател на Република Северна Македонија, за имунитетот и за условите за разрешување од должноста на судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија и за утврдување на неуставност на закон, односно неуставност и незаконитост на пропис и друг општ акт во време на важењето, што престанал да важи во текот на постапката, ако се исполнети условите за нивно поништување.

Дополнително, се укажува дека по поднесената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 7, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11) од страна на Лотарија на Македонија-Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри, Уставниот суд на Република Македонија на 3.10.2012 година донесе Решение У.бр.87/2011 со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 7, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.
Имајќи го предвид сето погоре наведено, одредбите на член 7 ставови 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 7 ставови 2 и 3 од Законот.

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.152/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 20-а став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), поднесена од Елсан Нурчески од с. Пласница и притоа го утврди следново мислење:

Се до донесувањето на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), прашањата кои се однесуваат на вработените во јавниот сектор не беа системски регулирани, што во пракса создаваше огромен број на проблеми и тоа во однос на целокупниот статус на овие лица, почнувајќи од начелата, правата и должностите, класификацијата, евиденцијата и многу други прашања по однос на вработените во јавниот сектор. Поради системската неуреденост на вработените во јавниот сектор, а имајќи ја во предвид околноста дека се работи за хетерогена група на вработени, по извршените анализи на статусот на вработените во јавниот сектор, како неопходна се покажа потребата сите вработени во јавниот сектор да бидат опфатени со една општа законска рамка која ќе ги утврди минималните стандарди во однос на статусот на овие лица.

Донесениот Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), е рамковен закон со кој се воспоставуваат основните начела за вработување во јавниот сектор. Целта на овој закон е на систематски начин да се уредат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Поради потребата од доуредување на постапката за донесување на актите за систематизација, како и доуредување на постапката за донесување на годишните планови за вработување во институциите на јавниот сектор, со измените и дополнувањата на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 199/14), се врши допрецизирање на определени одредби кои произлегоа од процесот на подготовка на подзаконските акти на Законот, а дел се однесуваат на воведување на дополнителни новини.

Оспорениот член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор, предвидува:

„(1) Вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување, кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување („Службен весник на Република Македонија" број 63/16).
(2) Планот за вработување се изготвува на ниво на институција и содржи:
- точни податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата,
- податоци за планирани пензионирања и податоци за други планирани движења на вработените (мобилност во рамките на институцијата и/или јавниот сектор, унапредувања и друго) и
- план за распределба на бројот на нови вработувања во следната година по припадност на заедница.
(3) Во воспитно-образовните, високообразовните и научно-истражувачките јавни установи, во јавните установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како и во националните театри, во кои дејноста согласно закон се врши на македонски јазик, односно на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, планот од ставот (2) не содржи податоци за распределба на бројот на планираните нови вработувања на давателите на јавни услуги по припадност на заедница.
(4) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната власт а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на централно ниво и/или преку подрачните единици или други организациски единици на локално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Македонија за територијата на цела Република Македонија.
(5) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната или локалната власт, а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на локално или регионално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Македонија за единицата на локалната самоуправа во која е сместена таа институција.
(6) Распределбата на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница се врши на начин утврден во Методологијата од членот 5 став (3) на овој закон, и истата треба да придонесе за постепено намалување на позитивната или негативната разлика меѓу моменталната состојба на застапеност во институцијата и основот за распределба од ставовите (4) и (5) на овој член, односно за одржување на соодветната и правичната застапеност."
Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено владеењето на правото.
Согласно член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија слободното изразување на националната припадност, соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според широко прифатената дефиниција во меѓународни рамки, пописот е најобемно статистичко истражување во однос на единиците што се попишуваат, чија цел е да обезбеди целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите за задоволување на потребите на корисниците во државата и во странство, од кој се обезбедуваат податоци за:

-бројот на населението и неговата територијална разместеност, како и за неговата структурата според демографски, географски, етнички, економски и социјални белези;

- бројот на домаќинствата и нивната територијална разместеност, како и податоци за структурата на домаќинствата според нивната големина, типот, семејниот состав и генерацискиот состав;

- бројот на живеалиштата според видот и нивната територијална разместеност, а за становите, во градежна смисла, се обезбедуваат и податоци за големината, опременоста со инсталации и помошни простории.

Според Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/01, 37/01, 70/01 и 43/02), за лицата кои ќе бидат опфатени со пописот ќе се приберат следниве податоци:

1. Идентификациони податоци за лицето:
2. Податоци за присутност-отсутност:
3. Државјанство
4. Географски податоци:
5. Брачна состојба и фертилитет:
6. Етнички карактеристики:
- национална припадност;
- мајчин јазик и
- вероисповед.
7. Образовни карактеристики:
8. Економски карактеристики:
9. Средства за живеење:

Од анализата на претходно изнесените одредби , може да се констатира дека со донесените измени на Законот за вработените во јавниот сектор, во кој е опфатен и оспорениот член 20-а став 5 од законот, за прв пат се предвидува механизам за постигнување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на ниво на секоја од институциите во јавниот сектор, а врз основа на потребите на самите институции изразени преку Годишни планови за вработување.

Со цел системски да се унапреди состојбата со една од темелните вредност на уставот, односно да се постигне целната состојба со соодветната и правична застапеност според последно реализираниот попис на население во Република Македонија, во 2016-та година беше донесена Методологија за планирање на вработувањата во јавниот сектор, согласно која секоја институција во јавниот сектор ќе мора да изготви годишен план за вработување и согласно годишниот план да ги спроведува постапките за вработување.

Дополнително е изработена и веб алатка достапна на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/ преку која електронски се врши распределбата на планираните нови вработувања, согласно соодветната и правична застапеност. Законот за вработените во јавниот сектор, предвидува постапките за вработување да се вршат по мерит принципот во комбинација со т.н. „позитивна дискриминација" или „афирмативна акција", па оттука етничката припадност е само еден од параметрите кој е земен во предвид при вработувањето, откако кандидатите во постапката на селекција ќе демонстрираат дека се целосно квалификувани за работното место.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека поднесената иницијатива со кој се оспорува членот 20-а став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16,35/18,198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19) е неоснована, од причина што со оспорената одредба за прв пат се воведува механизам за постигнување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на ниво на секоја од институциите во јавниот сектор, а како инструмент за утврдување на исполнетоста се користат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Северна Македонија за единицата на локалната самоуправа во која е сместена таа институција. Причините за неуспешно спроведениот попис, кој требаше да ја одрази структурата според демографски, географски, етнички, економски и социјални белези на населението и домаќинствата во Република Македонија, во никој случај не можат да бидат основ за укинување или поништување на одредба чија цел е реализација на темелна вредност од Уставот.

## Точка 74

Владата ги разгледа Иницијативите доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.147/2019 и У.бр. 155/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 ставови 3 и 5 и член 25 ставови 1, 2 и 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 21/2018), поднесени од Советот на Општина Пласница и од Елсан Нурчески од с. Пласница и притоа го утврди следново мислење:

Подносителите на Иницијативите предлагаат оценување на уставноста на член 24 ставови (3) и (5) и член 25 ставови (1), (2) и (3) од Законот за полиција, за кои сметаат дека се во спротивност со членовите 114 и 115 од Уставот на Република Северна Македонија, како и со член 36 став (1) точка 12, член 36 став (3) и член 87 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02).

Во поднесените иницијативи укажано е дека наведените одредби од Уставот и Законот за локалната самоуправа предвидуваат поинакво решение во однос на постапката за избор на командир на полициските станици во рамки на Секторите за внатрешни работи при Министерството за внатрешни работи, од она што е предвидено со Законот за полиција.

Имено, во Глава V. „ЛОКАЛНА САМОУПРАВА" од Уставот на Република Северна Македонија, конкретно во членот 114 уредено е дека на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, во чии рамки е утврдено дека единици на локалната самоуправа се општините, а во истите можат да се основаат облици на месна самоуправа.

Во истиот член е предвиден начинот на финансирање на општините и тоа од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Ставот 5 пак од истиот член, кој е изменет со Амандманот XVI, предвидува дека локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Исто така, предвидено е дека законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Членот 115 од Уставот, предвидува дека во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон.

Исто така, во овој член е уредено дека општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката, со закон може да и довери вршење на определени работи на општината.

Со членот 116 од Уставот е уредено дека територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон, додека пак членот 117 од Уставот, како последен член од Глава V. „ЛОКАЛНА САМОУПРАВА“, ја уредува организацијата и статусот на Град Скопје, како посебна единица на локална самоуправа.

Од аспект на Законот за локалната самоуправа пак, како закон со кој се уредуваат надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Северна Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа, предметното прашање е уредено на следниот начин:

Во член 36 од законот, со кој се уредени надлежностите на советот на општините, меѓу другите надлежности, со точките 12 и 13 од ставот (1) на овој член, предвидено е дека советот го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон, како и дека го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител. Ставот (3) пак од истиот член, уредува дека раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината е избрано ако за него гласале мнозинство од сите

совети на општините, кои ги опфаќа подрачната единица на Министерството за внатрешни работи.

Законот за полиција, како материјален закон со кој се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, е закон во надлежност на Министерството за внатрешни работи, во кој се содржани оспорените одредби.

Во овој контекст, согласно член 20 од Законот за полиција, предвидено е дека за вршење на полициските работи, на територијата на Република Северна Македонија се формираат сектори за внатрешни работи, во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа секторот за внатрешни работи. За таа цел, согласно утврдените критериуми, на територијата на државата, формирани се 8 сектори за внатрешни работи и секој од нив опфаќа повеќе општини.

Членот 23 од наведениот закон, ја предвидува организацијата во рамки на секторите за внатрешни работи, во кои се формираат полициски станици од општа надлежност за непосредно вршење на полициските работи за определено подрачје и за таа цел формирани се 38 Полициски станици од општа надлежност на целата територија на државата: Полициска станица – Аеродром; Полициска станица – Бит Пазар; Полициска станица – Гази Баба; Полициска станица – Драчево; Полициска станица – Ѓорче Петров; Полициска станица – Карпош; Полициска станица – Кисела Вода; Полициска станица – Центар; Полициска станица – Чаир; Полициска станица – Берово; Полициска станица – Битола; Полициска станица – Валандово; Полициска станица – Велес; Полициска станица – Виница; Полициска станица – Гевгелија; Полициска станица – Гостивар; Полициска станица – Дебар; Полициска станица – Делчево; Полициска станица – Демир Хисар; Полициска станица – Кавадарци; Полициска станица – Кичево; Полициска станица – Кочани; Полициска станица – Кратово; Полициска станица – Крива Паланка; Полициска станица – Крушево; Полициска станица – Куманово; Полициска станица – Македонски Брод; Полициска станица – Неготино; Полициска станица – Охрид; Полициска станица – Прилеп; Полициска станица – Пробиштип; Полициска станица – Радовиш; Полициска станица – Ресен; Полициска станица – Свети Николе; Полициска станица – Струга; Полициска станица – Струмица; Полициска станица – Тетово и Полициска станица – Штип.
Оспорените членови 24 и 25 од Законот за полиција се однесуваат на изборот на командир на полициските станици од општа надлежност, што е уредено на следниот начин:

Со членот 24 од законот, утврдено е дека со полициската станица раководи командир кој работите ги врши во полициска униформа, а за командир на полициска станица може да биде избрано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Полицијата предвидени со законот, ги исполнува и посебните услови: да има завршено соодветно високо образование и да има работно искуство во Полицијата најмалку од шест години.

Командирот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број советници од страна на советот на општината во којашто е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството, од листа која содржи најмалку тројца кандидати, предложена од страна на

министерот, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Ако советот на засегнатата општина не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Ако и по спроведувањето на постапката советот на засегнатата општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот по консултација со Владата, ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати предложени од министерот, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на советот на засегнатата општина.

Покрај наведеното, министерот го задржува овластувањето за разрешување на командирот на полициската станица од општа надлежност, во согласност со законот.

Членот 25 од Законот за полиција пак, предвидува дека командирот на полициската станица, на секои шест месеца писмено го информира советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Исто така, командирот по барање на советот го информира советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и од советите на засегнатите општини прима препораки за подобрување на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, заради градење доверба меѓу Полицијата и локалното население.

Во прилог на наведеното, предлагачите на иницијативите ценат дека одредбите од Законот за полиција (членови 24 и 25) не се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со кој на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, односно дека истите се во колизија со член 36 од Законот за локалната самоуправа кој предвидува дека раководното лице (командирот) е избрано ако за него гласале мнозинство од сите совети на општините, кои ги опфаќа подрачната единица на Министерството за внатрешни работи. Имено, подносителите на иницијативите предлагаат наведените членови од Законот за полиција да бидат укинати, со цел правото на локалната самоуправа да им биде овозможено на сите граѓани во државата, кои преку своите претставници во органите на општините ќе можат да партиципираат во изборот на командир на полициските станици од општа надлежност, односно право на избор на командир да имаат и советите на општините на чија територија нема полициска станица.

Наводите на подносителите на предметните иницијативи кои се однесуваат на повреда на одредби од Уставот и од Законот за локалната самоуправа, се неосновани од следниве причини:

Уставот го гарантира правото на локална самоуправа на граѓаните, на начин што во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници

учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон. Во наведените области, не е наведена „јавната служба“, која е спомената во иницијативите, како ни областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, области за кои во Законот за полиција е предвидено командирот да го информира советот на засегнатата општина, како и области за кои од советите на засегнатите општини прима препораки за подобрување на истите.

Согласно наведеното, цениме дека уставно гарантираното право на локална самоуправа на граѓаните не се доведува во прашање, со оглед дека граѓаните истото го остваруваат преку непосредно учество и преку претставници во одлучувањето за прашања од локално значење, во областите наведени во член 115 од Уставот.

Во однос на законското решение пак во Законот за полиција, кое предвидува дека командирот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број советници од страна на советот на општината во којашто е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството, односно само советот на засегнатата општина, е оценето како најцелисходно решение во однос на организациската поставеност на подрачните организациски единици на министерството, имајќи ја предвид обемноста и бројноста на единиците на локалната самоуправа.

Во однос на наводите за колизија на одредбите од Законот за полиција и Законот за локалната самоуправа, во врска со начинот на кој е уредено учеството на советот/ите на општините во изборот на командир на полициската станица, цениме дека со оглед на тоа што се работи за избор на раководно лице кое има посебни овластувања, треба да се земат предвид одредбите од Законот за полиција, како матичен закон со кој се прецизно уредени полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи.

Во прилог на наведеното е и компаративното искуство од земјите во регионот во однос на правното уредување на предметното прашање (Република Хрватска и Република Србија), каде изборот на раководни лица на полициските станици е исклучиво право на раководните лица во Министерствата за внатрешни работи.

Согласно наведеното, цениме дека решението предвидено во Законот за полиција е значаен напредок во насока на вклучување на граѓаните (преку своите претставници во советите на општините) во изборот на раководни лица на организациски единици на Министерството за внатрешни работи.

Цениме дека ваквото законско решение е со цел унапредување на вклученоста на граѓаните во одлучувањето освен за прашања од локално значење гарантирани со Уставот, исто така и за прашања од областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, во насока на градење доверба меѓу Полицијата и локалното население.

Покрај наведеното, укажуваме дека со евентуалното вклучување на сите совети на општините на одредено подрачје во изборот на командирите на полициските станици, како

што е предложено од страна на поднесувачите на предметните иницијативи, дополнително и значително би се обременила и одложила постапката за избор, а имајќи ги предвид надлежностите и овластувањата на командирот, долгорочниот статус на непополнето место на раководно лице на полициска станица од општа надлежност, би можело да имплицира сериозно загрозување на безбедноста на конкретното подрачје.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 24 и 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), односно предметните иницијативи да ги отфрли како неосновани.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Андријана Ѓорѓеска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 10009 за КО Маџари на КП бр. 87 дел 1 викано место/улица Б. Стефковски и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67014 за КО Маџари на КП 1363 викано место/улица Вера Радосављевиќ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 78**

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под број 45-8938/1 од 24 декември 2019 година.

2. По повод одбележувањето и прославата на 27 јануари „Свети Сава" - национален празник на Србите во Република Северна Македонија, Владата ја задолжи НУ Македонски народен театар да му овозможи на Српскиот културен центар – Скопје, без надомест, користење на салата за прослава на празникот.
3. Владата по повод одбележувањето на националниот ден на Србите во Република Северна Македонија, 27 јануари 2020 година, заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди средства во износ од 2.500.000 денари и тоа: 2.000.000 денари на Српски културен центар – Скопје и 500.000 денари на останати организации.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

4. Владата го разгледа Соопштението од Државната комисија за спречување на корупција доставено под Бр.03-32/1 од 3 јануари 2020 година, како материјал за информирање и заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го достави до сите органи на државната управа.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 6 јануари 2020 година до 12 јануари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 30 декември 2019 година до 5 јануари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

7. Владата заклучи на наредната седница да се разгледаат можностите за решавање на станбеното прашање или друг вид на помош од страна на Владата за семејствата чии куќи, на улицата „Брсјачка“ во Општина Шуто Оризари, изгореа во пожар на 10 јануари 2020 година.

8. Владата заклучи по Информацијата и Барање во врска со Понуда за купување недвижен имот доставена до АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по Подавка бр.03-2626/1 од 27.11.2019 година од ЕВН Македонија, АД Скопје усвоена на Сто сеумдесет и втората седница на Владата, бр.45-10707/1 од 24 декември 2019 година заклучоците да се изменат и да гласат:

„1. Владата ја усвои Информацијата и Барање во врска со Понуда за купување недвижен имот доставена до АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Подавка преку нотар бр.03-2626/1 од 27.11.2019 година од ЕВН Македонија АД Скопје.

2. Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да започне постапка за купување на недвижниот имот предмет на Понудата за купување недвижен имот доставена до АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Подавка преку нотар бр.03-2626/1 од 27.11.2019 година од ЕВН Македонија АД Скопје и да преговара за купопродажната цена до висина на понудената купопродажна цена од ЕВН Македонија АД, Скопје на објектот во износ од 110.469.535,00 денари без ДДВ и цена/вредност на земјиштето во износ од 13.317.500,00 денари без ДДВ.

3. Доколку се створат услови за постигнување на купопродажна цена не повисока од понудената се задолжува АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да склучи договор со АД ЕВН Македонија за купопродажба на предметниот недвижен имот.“.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.7.2019 година до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор по извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Центар за јавно здравје Тетово за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза" – Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГМ Лајт медикал ДОО увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Прелог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГМ Лајт медикал ДОО увоз – извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 86

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 87

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

Точка 88

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 89

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца – Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 90

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 91

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Точка 92

Владата ја донесе Одлуката за отповикување и завршување на мандатот на Јовица Палашевски, генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Канада, со седиште во Торонто, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 93

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на 21 предмет против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права иницирани од страна на 63 апликанти со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапките пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на 21 предмет против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права иницирани од страна на 63 апликанти со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапките пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на 21 предмет да прифати дека државата, на 63 апликанти ќе им исплати вкупен износ од 198.700 евра или секому поединечно следниве износи предложни од страна на ЕСЧП: Борче Стојковски А.бр.75052/17 - 1400 евра, Славјанка Костов (Ангелова) А.бр.46057/18 - 3400 евра, Гордана Додевска А.бр.45413/18 -3400 евра, Перица Димитриевски А.бр.46870/18 - 3400 евра, Мелита Донева А.бр.45429/18 - 3400 евра, Снежана Трајановска А.бр.46492/18 - 3400 евра, Миодраг Давчевски А.бр.46042/18 - 3500 евра, Роберт Јорданов А.бр.46496/18 - 3400 евра, Бранислав Столески А.бр.12059/19 - 4000 евра, Мак возила ДООЕЛ Скопје А.бр. 3320/19 - 2300 евра, Јовица Петковски и други (Златка Арсова, Страхил Карталов, Љуба Ќимовска, Ленка Кузманова, Раде Мерџановски, Спасена Младеновска, Павлина Смилева, Вера Стојановска, Зорка Стојчевска, Велика Вапска) А.бр.59617/18 – по 3100 евра за секој од 11-те апликанти, Адеми Ибраим А.бр.27678/17 -3700 евра, Алија Саитфарук и други (Ристо Белов, Крсто Чапалов, Велко Димитровски, Киро Јакимов, Видан Стојанов, Виолета Стојанова) А.бр.49307/18 – по 3500 евра за секој од 7-те апликанти, Драги Костовски и други (Радица Ангеловска, Светлана Цветковска, Фаат Џеладин, Сретка Ѓорѓевска, Јасминка Гулевска, Васка Илиевска, Станка Илиовска, Јусуф Имер, Даница Јосифовска, Елица Јованова, Вукица Наумовска, Беќир Нуредини, Љуба Павлоска, Марика Стевковска, Вукица Трпевска) А.бр.55921/18 – по 2600 евра за секој од 16-те апликанти, Насе Величковски А.бр.18902/18 - 1700 евра, Љубомир Бундалески А.бр. 21536/19 - 3400 евра, Саветка Ѓорѓиевска и други (Миодраг Антиќ, Цена Ѓорѓиевска, Добрила Петрева, Ратка Попова, Марјан Ристовски, Александар Стефановски, Јордан Трајковски) А.бр.10644/19 – по 4100 евра за секој од 8-те апликанти, Богољуб Столески А.бр.15819/19 - 2000 евра, Марко Маркоски А.бр.56599/18 - 2100 евра, Екрем Усеин и други (Нада Алексовска, Дарка Ѓошева, Спаса Миновска, Јелица Спасиќ) А.бр.56410/18 – по 3500 евра за секој од 5-те апликанти и Слободан Ѓорѓиоски А.бр.53423/18 - 3700 евра.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострани декларации и за целите на конечно решавање на

предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износи кои се за 10% пониски од износите понудени од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски